**Градоначалник**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („службен весник ма Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, и 39/2016) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од обласа на животната средина („Службен весник на Република Македонија бр.147/08 и 45/11), Локалната самоуправа на општина Битола организира:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

**По Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина од реализација на Урбанистички план за село Долно Оризари Општина Битола.**

Се известува засегнатата јавност дека во рамките на Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2016, Локалната самоуправа на општина Битола подготви Урбанистички План за село Долно Оризари – Општина Битола и Нацрт Извештај за стратегиска оцена за животна средина од реализација на истиот.

Подготвените **Нацрт Извештај за стратегиска оцена на животната средина и Урбанистички план за село Долно Оризари** се достапни на веб страната на општина Битола (**www.bitola.gov.mk**) како и во просториите на општина Битола во соба бр 17.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста, Градоначалникот на општина Битола организира јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина на ден **06.07.2016 год (среда) со почеток во 10 часот во салата на Советот на Општина Битола на ул.Бул.1ви Мај бр.61 во Битола.**

Со почит

Бр. 08-827/1-2016

Битола 28.06.2016

**Градоначалник на општина Битола**

---------------------------------------------

**Д-р Владимир Талески**